Ramstore Macedonia DOO

ул.Св. Кирил и Методиј бр. 13
Скопје 1000, Република Македонија
Tel: +389 2 3178 030
+389 2 3178 070
Fax: +389 2 3109 020
www.ramstoremall.com.mk

**ПРЕДМЕТ:**
Официјални правила
на Наградната игра " Од срце Audi Q3, Ваш Ramstore mall"

**Член 1**

**ОФИЦИЈАЛНО ИМЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**
Официјално име на Наградната игра е "Од срце Audi Q3, Ваш Ramstore mall ".

**Член 2**

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**
Наградната игра ќе се одржи во период од 15.10.2015 - 15.12.2015

**Член 3**

**ЦЕЛ НА НАГРАДНАТА ИГРА / ОРГАНИЗАТОР**

Целта на оваа наградна игра е рекламирање на производите и услугите на локалите во ТЦ Рамстор Мол.

Организатор на Наградната игра "Од срце Audi Q3, Ваш Ramstore mall " (во понатамошниот текст Наградна игра) е Рамстор Македонија ДОО, Ул. Св. Кирил и Методиј бр.13, Скопје (во понатамошниот текст Организатор).

**Член 4**

**ОПИС НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Член 4.1
**Територија на наградната игра**

Наградната игра ќе се спроведува во ТЦ Рамстор Мол, на следнава адреса:

ТЦ Рамстор Мол, ул. Св. Кирил и Методиј бр. 13, Центар Скопје. Телефонски број: 02/ 3178 030

Член 4.2

## ПРАВИЛА ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА

1. Наградната игра "Од срце Audi Q3, Ваш Ramstore mall " започнува на 15.10.2015 во 08:00 часот и завршува на 15.12.2015 година во 12:00 часот.
2. Право на учество во наградната игра имаат сите полнолетни купувачи во локалите на ТЦ Рамстор Мол чии фискални сметки имаат вредност од 1000 денари и повеќе независно дали вкупната вредност е направена во маркетот или некои од локалите на ТЦ Рамстор Мол или нивна комбинација. Фискалните сметки кои се издаваат на име на: потрошена електрична енергија, вода и телефон, не се вклучени во наградната игра.
3. Времетраењето на наградната игра е од 15.10.2015 година до 15.12.2015 година. Во наградната игра ќе учествуваат фискалните сметки издадени во периодот 15.10.2015 до 14.12.2015 – од 08:00 до 22:00 часот и на 15.12.2015 од 08:00 до 12:00 часот.
4. Доколку постојат фискални сметки направени точно до 22:00 часот или на 15.12.2015 до 12:00 часот , истите ќе се земат во предвид и ќе имаат право на учество доколку се пријават истиот ден 30 минути по 22:00 или 12:00 часот за 15.12.2015 на инфо пултовите лоцирани ТЦ Рамстор Мол каде што ќе бидат давани купоните за учество во наградната игра.
5. Извлекување на наградите ќе се одржи на 18.12.2015 во 12:00 часот во ТЦ Рамстор Мол, а ќе биде контролирано од комисија составена од двајца претставици од Рамстор и нотар.
6. Еднаш искористена фискална сметка, не може повторно да учествува во наградната игра.
7. Добиената награда, неможе да се замени со друг/а и не постои никаков друг вид на надоместок.
8. Учесниците однапред се согласни со правилата на наградната игра.
9. Сите вработени во Рамстор Македонија ДОО и вработените во локалите на ТЦ Рамстор Мол, како и членовите на нивните потесни семејства не можат да учествуваат во наградната игра.
10. Во случај на неправилност и не придржување до пропишаните правила, организаторот Рамстор Македонија го задржува правото да го дискфалификува учесникот.
11. Начин на учество во наградната игра:

**Чекор 1**

Да приложи фискална сметка или збир на фискални сметки со износ еднаков или повисок од 1000 денари направени во Рамстор маркетот или во било кој локал во ТЦ Рамстор Мол на инфо пултовите лоцирани ТЦ Рамстор Мол при што добива награден купон. Купонот треба да биде пополнет од страна на потрошувачот со следниве лични податоци:Име и презиме, адреса и контакт телефон и уфрлен во посебно обележани и ставени на видно место кутии во Трговскиот центар.

Појаснување:

- За сметка од 1000 до 1999 денари, купувачот добива еден награден купон
- За сметка од 2000 до 2999 денари, купувачот добива два нагрдани купони
- За сметка од 3000 до 3999 денари, купувачот добива три наградни купони итн, т.е. за секои дополнителни 1000 денари се добива дополнителен награден купон

**Чекор 2**
По извршена верификација на фискалната сметка/и, одговорното лице го доделува потребниот број на наградни купони.

**Чекор 3**
Потрошувачот ќе треба да ги пополни сите податоци во наградните купони, истите да ги уфрли во кутиите најдоцна до 15.12.2015 до 12:00 часот и да ја чува фискалната сметка се до завршување на извлекувањето, по што кутиите ќе бидат затворени.

По затворањето на кутиите поставени во ТЦ Рамстор, по што сите купони ќе бидат префрлени во еден голем сад од каде ќе се изврши извлекувањето.

**Чекор 4**
На ден 18.12.2015 во 12:00 часот во Трговскиот центар Рамстор Мол, лоциран на ул. Св. Кирил и Методиј бр.13, Скопје, ќе се изврши јавно извлекување на наградите во присуство на три члена комисија составена од нотар и двајца претставници од Рамсторе Македонија.
Извлекувањето ќе се врши рачно од страна на една или две хостеси.

Член 4.3
**Начин на доделување на наградите**

- Извлекувањето ќе биде јавно.
- Доколку некој од добитниците биде присутен на јавното извлекување, подигнувањето на наградата може да ги изврши веднаш во адменистративните просториии на Рамсторе Македонија на ул. Св.Кирил и Методиј бр.13,Скопје по проверка на веродостојноста на податоците
- Секој од добитниците, доколку лично не биде присутен на извлекувањето телефонски ќе биде известен од страна на Организаторот за добиената награда и истата ќе може да ја подигне не подолго од наредните 60 дена од денот на објавувањето на добитниците, во административните простории на Рамсторе Македонија на ул. Св.Кирил и Методиј бр.13,Скопје.
- Списокот на добитници ќе биде објавен на веб страната на Рамстор Македонија www.ramstoremall.com.mk, три дена од денот на извлекувањето.
- После истекот на предвидениот рок, Организаторот нема никаква одговорност околу наградите.
- Добитникот ќе биде известен дека пред подигање на наградата треба да приложи валиден документ за идентификација и да ги покаже фискалните сметки наведени во наградниот купон.
- Доделувањето ќе се врши со лично предавање на главната награда и останатите споредни награди во административните просториите на Рамсторе Македонија. Објавување на слика или лик на добитниците содржани во фотографии, аудио и видео записи или учество на јавни настапи за цели на рекламирање на Организаторот во врска со наградната игра,ќе биде предмет на дополнителна согласност на добитниците.

- Доколку добитникот од која било причина не е во можност лично да ја подигне наградата, истиот ќе може со полномошно да назначи своја замена што ќе ја подигне наградата во негово/нејзино име.
- Добитникот може да ја пренесе наградата доколку не е во можност истата да ја искористи само на членовите на потесното семејство со заверена изјава врз основа на која наведува на кое лице го пренесува правото на користење на наградата. Како членови на потесното семејство се сметаат: родители, брат или сестра, деца и брачен другар.

Член 4.4

**Одговорност**

- Целокупниот награден фонд ќе биде обезбеден од организаторот.
- Организаторот ќе биде одговорен до моментот на подигнување на наградите од страна на добитниците.
- Со плаќање на персоналниот данок и преземањето на наградите, престануваат понатамошните обврски на Организаторот на наградната игра спрема добитниците.
- Организаторот нема никаква одговорност која може да произлезе од користење на наградите , како и плаќање по основ на штети или тужби кои на некаков начин се поврзани со користење на наградите

## Член 5
## ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА

Право на учество во наградната игра има секое полнолетно физичко лице (со наполнети 18 години),освен лицата кои се вработени кај Организаторот Рамстор Македонија ДОО и членовите на нивните потесни семејства (родители и деца, брат, сестра, сопруг или сопруга),како и вработени во локалите кои се издадени под наем од страна организаторот.

## Член 6
## ИЗВЕСТУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ЗА ОФИЦИЈАЛНИТЕ ПРАВИЛА

Официјалните правила на наградната игра по добивањето согласност од Министерството за финансии пред започнување на наградната игра, ќе бидат објавени на web страната на Организаторот www.ramstoremall.com.mk,  како и на информативниот пултот во ТЦ Рамстор Мол.

Учесниците во Наградната игра, за Официјалните правила на играта ќе можат да се информираат преку информативно–рекламните материјали кои ќе бидат поставени на видни места во ТЦ Рамстор , печатени и електронски медиуми (телевизии, радиа, портали,банери, постери, флаери и сл)

## Член 7

## НАГРАДЕН ФОНД

Член 7.1

**Награди од наградната игра**

Наградниот фонд се состои од :

| Назив | Цена со ДДВ | Цена без ДДВ | Количина | Вкупна сума со ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| Автомобил Audi Q3 | 2,027,039 | 1,717,830 | **1** | 2,027,039 |
| MIKSER SO POSTOQE MAKS GTM 8005B # ZA MARKETI | 1,150 | 975 | **6** | 6,900 |
| PATEN FEN ADLER AD 2228# 1200W CRNO-BEL | 460 | 390 | **5** | 2,300 |
| MIKSER MAKS GTM 8007A # 300V | 884 | 749 | **5** | 4,420 |
| ELEKTRI^EN BOKAL ADLER AD 08 #BEL,1L | 580 | 492 | **10** | 5,800 |
| PEGLA NA PAREA MAKS AT 8005A VIOLETOVA #1600W,MA RKETI | 520 | 441 | **5** | 2,600 |
| TOSTER SENDVI^ MAKS ST 210 | 700 | 593 | **7** | 4,900 |
| BLENDER STOE^KI MAKS EB 807 #BL 807,400W | 1,050 | 890 | **7** | 7,350 |
| ^ETKA FEN ADLER AD 2013 | 680 | 576 | **5** | 3,400 |
| ELEKTRI^NA SKARA PLOTNA MESKO MS 6605 #1500W | 1,700 | 1,441 | **5** | 8,500 |
| BLENDER RA^EN ADLER AD 4610 G #ZELEN | 650 | 551 | **5** | 3,250 |
| ELEKTRI^EN BOKAL ADLER AD 03 #1L | 580 | 492 | **7** | 4,060 |
| TOSTER DVOPEK ADLER AD 3201 BEL | 867 | 735 | **7** | 6,069 |
| TOSTER ZA VAFLI ADLER AD 311 | 937 | 794 | **5** | 4,685 |
| MULTIPRAKTIK SECKO CAMRY CR 4804 | 2,212 | 1,874 | **3** | 6,636 |
| BLENDER STOE^KI ADLER AD 4054R # 250W, CRVEN | 1,575 | 1,335 | **4** | 6,300 |
| FRITEZA ADLER AD 4904 #1.2L | 1,215 | 1,030 | **2** | 2,430 |
| TV LED JVC LT 32 V340 | 13,490 | 11,432 | **2** | 26,980 |
| ELEKTRI^EN [PORET VOKS EHB 604 #BEL,SO 4 RINGLI,60 SM | 9,990 | 8,466 | **1** | 9,990 |
| MA[INA ZA PEREWE VOKS WM 552 #5KG/500VRT. | 9,590 | 8,127 | **1** | 9,590 |
| FRI@IDER VOKS KG 2600 W #BEL,NADVORE[NA KOMORA | 9,990 | 8,466 | **2** | 19,980 |
| APARAT ZA PRAVENJE PENA - KAFE MAKS LSM 101 LC | 210 | 178 | **1** | 210 |
| RACHNA PRAVOSMUKALKA SEVERIN | 949 | 805 | **1** | 949 |
| APARAT ZA PRAVENJE SLADOLED SEVERIN | 1,930 | 1,635 | **1** | 1,930 |
| TOSTER SENDVICH SEVERIN | 667 | 787 | **1** | 787 |
| APARAT ZA VAKUMIRANJE | 987 | 1,165 | **1** | 1,165 |
| APARAT ZA OBARUVANJE NA HRANA | 1,695 | 1,436 | **1** | 1,695 |
| TOSTER I GRIL SEVERIN | 1,769 | 1,499 | **1** | 1,769 |
| TOSTER DVOPEK SEVERIN | 600 | 508 | **1** | 600 |
| VKUPNO | 2,094,666 | 1,775,691 | **103** | **2,182,284** |

*Организаторот не сноси одговорност за исправноста на автомобилот како и гаранција на истиот паѓа на товар на добавувачот Порше, Македонија, Бул. Босна и Херцеговина бр. 4, 1000 Скопје,
*Одговорноста за исправноста на електричните апарати како и гаранција на истите паѓа на товар на добавувачот Агро техна д.о.о., ул. Борис Трајковски 9 бр.10, 1000 Скопје

**Член 8**

**ДАНОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДОБИТНИЦИТЕ НА НАГРАДИТЕ**

Даночните обврски за добитниците на награда ги плаќа Организаторот на Наградната игра во име и за сметка на добитникот.

**Член 9**

**СПОРОВИ КОИ БИ МОЖЕЛЕ ДА НАСТАНАТ ВО ТЕКОТ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Во текот на Наградната игра може да дојде до спор помеѓу Организаторот и учесниците во Наградната игра. Спор може да настане во случај ако некоја од наведените страни не се придржува кон Официјалните правила на Наградната игра кои се погоре образложени.
Во случај на било каков спор меѓу Организаторот и Учесниците во наградната игра, таквиот спор ќе биде решен на мирољубива основа.

**Член 10**

**РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРИГОВОР**

Секој учесник има право на приговор во рок од 8 дена од денот на завршувањето на наградната игра

Организаторот на Наградната игра ќе одговори на приговорот во рок од 5 дена од денот на приемот на истиот.

**Ramstore Macedonia DOO**
Управител
Ајхан Узун

______________________________